# ИЗВЕШТАЈ

## За одржана Недела на инклузија во рамки на проектот „Справување со предизвикувачко однесување“, како дел од Ерасмус+ КА101 Програмата финансиран од Европската комисија и МК НА

Во рамки на проектот предвидено беше одржување на недела на инклузија во периодот од 15-19.11.2021 година, меѓутоа, поради големиот интерес, овој период се продолжи и траеше се до 17.12.2021 година, завршувајќи со патрониот празник на училиштето.

Неделата на инклузија започна со запознавање на учениците и наставниот кадар со идејата и начинот на реализација. Наставниците кои учествуваа на мобилностите, организираа работилници со учениците и на истите се изработија постери со кои требаше останатите да се запознаат со поимот инклузија, но и со потребата од почитување на истата во училиштето, а и надвор од него.

На наставничкиот совет се дискутираше за тема  за патрониот празник па некако природно се наметна инклузијата. Договорено беше темата да биде „Биди човек поттикни еднаквост“ и месец декември да се прослави во духот на еднаквоста.

Голема улога во продолжување на неделата на инклузија одигра и соработката со невладината организација „Отворете ги прозорците“. Наставниците од целото училиште одржаа часови и/или работилници со своите ученици, беа организирани ликовни и музички  работилници, дискусии, а одбележан беше и 3.12.2021, меѓународениот ден на лицата со посебни потреби.

Во соработка со „Отворете ги прозорците“ беше организирана и е-аукција, на која со помош на родителите, се продаваа уметнички дела нацртани од учениците. Средствата од оваа аукција ќе бидат искористени за опремување на сензорна училница, на што како училиште сме особено горди.

Училиштето и во иднина ќе продолжи да гради инклузивна и рамноправна средина во која сите ќе растеме, ќе се развиваме и ќе учиме едни од други.

На фотографиите во прилог можете да видите дел од атмосферата за време на Неделата на инклузија.






ПОТТИКНИ ЕДНАКВОСТ
БИДИ ЧОВЕК
8а


МАКЕДОНСКИТЕ ПРОСВЕТИТЕЛИ И ПРЕРОДБЕНИЦИ
ITALY
GERMANY
DIVERSITY
INCLUSION
COMMUNITY


DIVERSITY
COMMUNITY
INCLUSION
LEADERSHIP






WE
ARE
ALL
EQUAL


ACRYLIC






МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК


СООБРАЌАЈОТ НЕ Е ИГРА


Знам дека не можеш да ме слушнеш. Но сакам да те прашам дали ќе сакаш да се дружиме


АМЕЛИ
ДАМЈАН




МИР ЗА МЕНЕ, МИР ЗА ТЕБЕ... ЉУБОВ ЗА СИТЕ
PEACE FOR ME, PEACE TO YOU
СИТЕ СМЕ ИСТИ НО РАЗЛИЧНИ

